| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. **Запознавање со учениците**<br><br>**„Кој сум јас“** | Се претставува себеси (име и презиме) | 1<br><br>**Септември**<br><br>1.9.2021 | **Воведни активности**<br>Во „волшебна кутија“ се става мало огледало на дното и се залепува. На учениците, кои седат во круг, им се кажува дека некоја многу посебна личност се крие во кутијата: „Внатре во кутијата се наоѓа некој многу посебен, специјален, еден и единствен. Некој што никогаш порано го немало, а го има само сега и само тука. Не постои ниту еден друг на светот како него. Секој од вас ќе погледне внатре во кутијата и ќе ја претстави со име и презиме личноста што ќе ја види.<br>Демонстрирам прво јас, се претставувам, а потоа тие....<br><br>**Главна активност**<br>Секој човек е посебен и специјален. Секој има свои лични особини, способности и добри карактеристики како и нешта што би сакал да ги промени. Индивидуалноста на луѓето треба да се прифати и почитува.<br><br>**Завршна активност**<br>Читање на приказната „Огледало“<br>Како да се разликуваме од другите првачиња?<br>Секој ученик добива сликичка / беџ која е симбол на нашето одделение и по кој ќе се разликуваме од другите ученици.Иста таква сликичка ќе има и на вратата како знак за ориентација<br>Учениците добиваат РЛ поврзувалка – од денес сум ученик, информативни листови за родителите итн...<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |








resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 2.<br>**Поздравување, Обраќање Здраво Јас живеам...** | Започнува разговор со поздравување и обраќање (формално и неформално) | 1<br><br>**среда**<br>2.9.2021 | **Воведни активности**<br>На таблата се залепени картончиња со имињата на децата.Едно по едно децата излегуваат, го бараат своето име, го земаат картончето и се обраќаат:<br>Здраво...јас сум (име презиме) Живеам на улица....<br>Нешто „препознатливо" за мене е тоа..........<br>Кога ќе се претстават сите деца ја истакнувам целта на часот<br><br>**Главна активност**<br>Насочена имагинација – замисли дека си на.......како треба да се однесуваш, како треба да се поздравуваш, да се обараќаш...<br>На таблата ставам сликички со различни содржини: во маркет, на театар, во влез на зграда итн. Учениците избираат сликичка и според содржината на сликата треба да демонстрираат поздравување и обраќање.<br>Културно се обраќаат, поздравуваат Здраво... Добар ден....Ве молам<br>Секој ученик треба да се обрати и да не поздрави во свој стил<br><br>**Завршна активност**<br><br>Другите ученици внимателно слушаат и прават забелешки дали некој погрешил, дали некој треба нешто да промени во своето обраќање и слично<br>Учениците што ќе погрешат се корегираат<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| 3.<br>**Обработка на стихотворба ПРВАЧЕ**<br> | Идентификува стихотворба (по слушање) | 1<br><br>**четврток**<br>3.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Фотобура<br>Разговор по сликата<br>Гледам, гледам….<br>Опис на сликата<br><br>**Главна активност**<br><br>Наставникот изразно ја чита стихотворба Прваче со рима.<br>Учениците внимателно слушаат, а потоа се води дискусија за нејзината содржина.<br>Песничката повеќекратно ја повторуваме дел по дел (наставникот заедно со учениците) со цел учениците да ја запомнат и самите да ја репродуцираат во целина.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Рецитирање на песничката од оние ученици кои ја запомниле<br>Илустрирање на песничката<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br><br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. **Рецитирање на стихотворбата** | Репродуцира стихотворби. | 1<br><br>**петок**<br>4.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Се потсетуваме што учевме минатиот час<br>Мала дискусија околу тоа дали и тие беа вредни првачиња и ја научија песничката<br><br>**Главна активност**<br><br>Следи рецитирање на песната Прваче<br>Учениците внимателно слушаат и после секоја изведба го наградуваат рецитаторот со ракоплескање<br>Избираме рецитатор на денот а потоа разговараме<br>Разговор -Како се чувствував додека рецитирав?<br><br>**Завршна активност**<br><br>Помогни му на детето да стигне до своето училиште Лавиринт<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. **Културно однесување во училиштето и надвор**<br>**Игра: На гости** | Соодветно ги користи во реченица изразите за учтиво обраќање (благодарам, повелете, извинете, молам). | 1<br><br>**понеделник**<br><br>7.9.2021 | **Воведни активности**<br>техника насочена имагинација<br>Наставникот чита краток текст каде е применето некултурно однесување<br>После секое читање на речениците истакнува и слики од ситуациите<br>Учениците внимателно слушаат<br>По завршувањето на текстот се води дискусија дали забележаа нешто<br>Како се однесуваа ликовите во текстот?<br>Како треба да се однесуваат правилно?<br><br>**Главна активност**<br>Игровни активности каде учениците треба да демонстрираат културно однесување во различни ситуации на различни места.<br>Во продавница, на гости, на роденден, во автобус....итн.<br>Примена на изрази за учтиво обраќање<br>Доврши ја реченицата со волшебните зборови:<br>Повелете<br>Благодарам<br>Молам<br>Извинете<br>Игра: Културно се однесувам<br><br>**Завршна активност**<br>Техника Прозорец<br>Боење во РЛ каде има ситуации со културно и некултурно однесување<br>Што гледам....што сакам да гледам<br>сечење и лепење на наочарите<br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **6. Мојата држава слави - разговор за празникот Осми септември** | **Репродуцира стихотворби** | 1<br><br>**среда**<br>9.9.2021 | **Воведни активности Читање на краток текст**<br>Татковина<br>Рано есенско попладне. Симон и дедо му се шетаат во паркот.<br>Дедото: Симон, што учевте денес в училиште?<br>Симон: Денес учевме за нашата татковина.<br>Дедото: У, у, у... Многу сериозна тема. Што научи Симоне, ти, за татковината? Што е тоа татковина?<br>Симон: (многу сериозно) Е, па, види вака дедо. Татковина ти е сонцето што не грее, земјата на која го садиме и жнееме житото, зеленчуковите и овошните градини, високите врвови на планините, густите шуми, Охридското, Преспанското и Дојранското Езеро, главниот град Скопје и другите градови и села, песната на птиците, љубовта и добрината на народот, а најмногу од се детскиот џагор и смеа.<br>Дедото: Е, Симоне многу ми наброи. Зар сето тоа треба, јас, стар човек, да го запаметам.<br>Симон: Дедо, тоа е многу едноставно, со еден збор, татковина – тоа е Македонија.<br>Краток разговор за содржината на текстот<br>Истакнување на целта Мојата државаи слави<br>**Главна активност Празнична песна**<br>Разговараме за значењето на празникот<br>Ги прашувам како се вика и дали ја знаат содржината на нашата химна, кога таа се пее, на која земја се однесува (Р.М). Ја слушаме химната на РМ<br>Ги разгледуваме сликите од учебникот и прашувам дали некој ги препознава и дали бил на тие места. Ја читам изразно песничката.<br>Разговараме за содржината на песната и одговараат на поставените прашања Следи постапка за изучување на песната<br><br>**Завршна активност**<br><br>Боење на знамето на РМ и цртање на цвеќе за празникот што се слави<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **7. Г.В. Јас и другите** | Опишува врз основа на набљудување лица, предмети, | 1<br><br>**четврток** 10.9.2021 | **Воведни активности**<br>Децата седат во клупи и секое дете добива по еден работен лист „Силуета од дете". Всушност, тоа треба да претставува сенка на самото дете. Учениците треба да направат силуетата да стане дете со тоа што ќе ја нацртаат, обојат и украсат, така да личи на самите нив. При тоа треба да им се напомене да не пишуваат/цртаат ништо во облаците што се околу сенката до следната инструкција.<br>Откако ќе завршат со цртањето, во издолжените облаци на страните од листот треба да нацртаат или да напишат:<br>» „што сакаат моите очи да гледаат?"<br>» „што сакаат моите уши да слушаат?"<br>» „што сакаат моите раце да прават?"<br>» „што сакаат моите нозе да прават?"<br>По завршување, секој ученик го лепи листот на градите така да може да се гледаПотоа се делат во парови и членовите на секој пар се завртуваат еден кон друг. Учениците си ги покажуваат цртежите<br>и разговараат со парот за сличностите и разликите на нивните избори.<br>Потоа наставникот поведува разговор за она што било слично и различно кај учениците<br>**Главна активност**<br>Луѓето се разликуваат по тоа што сакаат, што знаат и што можат да прават.<br>Кога го прават она што го сакаат/можат/знаат, луѓето се чувствуваат убаво и исполнето.<br>Извледување заклучоци дека врз надворешниот изглед можеме/неможеме да донесеме некакво мислење за другите.<br><br>**Завршна активност** Игровни активности Гледа, гледам....погодувалки<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.Опишување на моето другарче. Игра: Познај по описот** | Опишува врз основа на набљудување (лица, предмети, растенија и животни од училишното опкружување или од семејната средина како и имагинарни/ замислени суштества) | 1<br><br>**петок** 13.9.2021 | **Воведни активности**<br>Игра<br>Направи израз на лицето, а јас ќе препознам што мислиш<br>Излегуваат ученици пред таблата и прават гримаси, изрази на лицето, на телото а другите ученици треба да погодат што правви, што мисли, и слично<br><br>**Главна активност**<br><br>Опишување на другарчето<br>Како се чувствува во текот на денот<br>Препознава по описот и искажува свое мислење<br>Илустрирање<br>РЛ<br><br>**Завршна активност**<br><br>Вербално<br>Објаснување на цртежите<br>Имитација – кој како прави другите го имитираат<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. **ИЛТ Текст В училиште** | поставува прашања поврзани со определена тема, приказна, слика и сл.;<br><br>правилно и разбирливо говори со умерено темпо и јачина на гласот; одговорно се однесува кон своите и заедничките работи во училиштето | 1<br><br>14.9.2021 | **Воведни активности**<br>Во подготовката ја покажувам сликата на училиштето и водиме краток разговор: Што гледате на сликата? Кој учи во училиштето?<br>Зошто доаѓате на училиште? Како се однесувате за време на часовите?<br>Како се однесувате за време на одморите?<br>Следи кратка презентација преку која ќе видиме како се однесува едно момче на училиште.<br><br>**Главна активност**<br>Доживување на целосната содржина со читање на текстот<br>Изразување на непосредното доживување го вршам со следните прашања:<br>Што правеше Тони в училиште?<br>Зошто сега Тони го гледаше Бојан како херој?<br>Како треба да се однесуваме кон другарчињаата?<br>Како треба да се однесуваме кон приборот, играчките, масичките, столчињата в училница?<br>Задлабочувањето ќе се состои во читање и анализа пологички целини и планирање, уочување на лошото однесување на момчето Тони кон другарчињата и училишниот инвентар.<br><br>**Завршна активност**<br>Учениците кажуваат примери од секојдневниот живот<br>Јас одговорно се однесувам заа време на одморите<br>Илустрирање на добри постапки<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **10. Анализа на текстот** | поставува прашања поврзани со определена тема, приказна, слика и сл.;<br><br>правилно и разбирливо говори со умерено темпо и јачина на гласот;<br>одговорно се однесува кон своите и заедничките работи во училиштето | 1<br><br>15.9.2021 | **Воведни активности**<br>Наставникот чита наглас – учениците внимателно го слушаат и се потсетуваат на текстот од минатиот час<br><br>**Главна активност**<br>Читање и анализа на текстот по логички целини и планирање, уочување на лошото однесување на момчето Тони кон другарчињата и училишниот инвентар.<br>Текстот можеме да гоподелиме на три логички целини:<br>1. Лошото однесување на Тони.<br>2. Тони се чувствува како херој.<br>3. Вистинскиот херој – Бојан.<br>Со цел учениците да ги уочат логичките целини, а акустичното и вербалното да го поврзат со визуелното за што полесно спознавање,ги истакнувам постапно илустрациите на логичните целини<br><br>**Завршна активност**<br>Учениците имаат задача да нацртаат стрип според содржината на текстот.<br>Клучни поими при илустрирање на текстот:<br>Тони го истепа Иван. Тони ја искуба Весна. Тони ги искрши боичките.<br>Гумата ја претвори во ронки.<br>Наставничката го казнува Бојан, а Тони е херојот.<br>Осаменото лошо момче.Вистинскиот херој – Бојан.<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист<br>Слики од текстот | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. **Г.В.**<br>**Што ме прави среќен / тажен ?**<br>**Вербална комуникација** | Препознава брзо и бавно, односно гласно и тивко зборување. • Применува соодветна брзина и висина на тонот при зборувањето во различна ситуација. | 1<br><br>16.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Состави ја сликата - сложувалка Пазли<br>Приказна во слики<br>Што забележуваш на сликите?<br>За што се зборува во приказната?<br>Како се чувствува девојчето од приказната?<br><br>**Главна активност**<br><br>Вербална комуникација на тема што ги прави тажни, кога се среќни, како ги искажуваат своите емоции.<br>Многу е важно како го искажуваат тоа и како ја прилагодуваат брзината и висинаата на тонот при зборувањето. (Кога е среќен побрззо зборува, погласно, кога е таѓен потивко, побавно).<br>Правиме разлика на говорот во двете ситуации.<br><br>Следи самостојна работа Среќен сум / тажен сум РЛ<br><br>**Завршна активност**<br><br>Секој ученик ја презентира својата креација<br>Играње игрички, натпревари<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |




resursi.literatura.mk

| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **12. Каде се моите нешта Моите играчки и моите миленичиња** | именување и опишување на миленичињата, вокабулар на зборови и користење описи | 1<br><br>17.9.2021 | **Воведни активности**<br>гледам гледам /фотобура<br>Разговор со учениците<br>за илустрацијата<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците набљудуваат,<br>Избираат соодветни<br>зборови за опис<br>и користат логички ред при користењето на описи<br><br>Учениците ги Опишуваат омилените играчки или миленичиња (откривање на битните својства и нивна јазична конкретизација,но при тоа треба утврдената особина да ја доведат до врска со други слични поими – да ја споредат).<br><br>Што им се допаѓа<br>најмногу,како играат со нив,зошто им се допаѓаат...како ги милуваат и разговараат со нив<br><br>**Завршна активност**<br><br>Пронајди ги деловите и обои !<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 13. **Брзозборка** | Препознава брзо и бавно, зборување | 1<br><br>20.9.2021 | **Воведни активности**<br>Им кажувам неколку брзозборки и чекам реакција<br>Штркот штрака со штракалката.<br>Петко плете плет, Петкоица меси леб, пуш ти Петре плет, за да јадеш леб.<br>Во дол бол има вол.<br>Дали некој ме разбра што зборувам?<br>Кој сака да го објасни тоа што го реков?<br>Прашувам дали некој знае брзозборка, дали слушнал од некој?<br><br>**Главна активност**<br>Објаснувам дека брзозборките се тешки за изговор, се изговараат брзо и при брзиот изговор се прават грешки кои предизвикуваат весело расположение.<br><br>Ајде да се насмееме !<br>Јас кажувам брзозборки, а тие повторуваат. Повторувањето може да биде групно, индивидуално и сл.<br>Петко наш голем маж, фатил глувче за опаш.<br>Мало бек, лапај снек, цепи штици, јади трици.<br>Бел петел, бела пепел преташе.<br>В грне баба бере зрне<br><br>**Завршна активност**<br>Кажи, повтори,научи<br>Направи твоја колекција на брзозборки<br><br>**Рефлексија** | Молив<br><br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 14. **Мравката оди на училиште ИЛТ**  | **раскажува по низа слки** | 1<br>21.9.2021 | **Воведни активности**<br>Разговор за мравката какво животно е / бура на идеи<br><br>**Главна активност**<br>Се разгледуваат сликите од приказната и се разговара за истите.<br>Читање на приказната од страна на наставникот<br>Одговарање на прашањата во врска со приказната, поставени усно од страна на наставникот.<br>Прераскажување на приказната од страна на учениците <br><br>**Завршна активност**<br>Поделба на улоги на учениците и изведување на мал театар-драматизација на приказната по улоги со свои зборови.<br><br><br>**Рефлексија** | **Молив Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 15.<br>**Драматизација на приказната** | Прераскажува содржина на прочитан кус литературен текст со свои зборови. | 1<br>22.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Мало потсетување<br>Состави ги сликите и кратко прераскажи ја приказната<br>(еден ученик ги составува сликите, ги лепи на таблата и ја прераскажува приказната)<br><br>**Главна активност**<br><br>Драматизација на приказната како што им беа доделени улогите<br>По завршувањето на сите групи избираме најуспешна група, која ќе има задача уште еднаш да ја повторат постапката, односно уште еднаш да настапи.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Избор на омилен лик од приказната и боење<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |




resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 16.**Ономатопеја** | **Имитација на слушнат говор – ономатопеја и прашања за разбирање на содржината** | 1<br><br>23.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Слушање на кратко видео – исечок од временска прогноза или најава за детска емисија<br>Краток разговор околу тоа што слушнавме, дали запомнија, дали некој сака да повтори ?<br><br>**Главна активност**<br><br>Имитација на слушнат говор – ономатопеја и прашања за разбирање на содржината.<br>Учениците го повторуваат тоа што го слушнале со имитирање на говорот и одговараат на прашања за проверка колку ја разбрале слушнатата содржина.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Игра: Јас кажувам а ти биди мое ехо<br>Имитирај го моето пеење, зборување….<br><br>**Рефлексија** | **Молив**<br>**Работен лист** | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 17. **Цртан филм** | Одговара на прашања поврзани со слушната содржина.<br><br>Ја објаснува содржината на слушнатиот текст со една-две реченици (резимира).<br>Ги идентификува непознатите или помалку познатите зборови од слушнатиот текст.<br>Ги користи новонаучените зборови во реченици кои самиот/самата ги составува. | 1<br><br>24.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Разговор околу тоа кој цртан филм им се допаѓа најмногу<br>Следи гледање на Цртан филм по избор на учениците<br><br>**Главна активност**<br><br>Разговор за содржината на филмот<br>Одговара на прашања поврзани со слушната содржина.<br>Ја објаснува содржината на слушнатиот текст со една-две реченици (резимира).<br>Ги идентификува непознатите или помалку познатите зборови од слушнатиот текст.<br>Ги објаснуваме непознатите зборови, а потоа имаат задаача да ги искористат при раскажувањето на содржината на филмот.<br><br>**Завршна активност**<br><br>Илустрирање<br>Мојот омилен лик<br>од цртаните филмови<br><br><br><br>**Рефлексија** | Молив<br><br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. **Состави приказна по слики** | Препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст.<br><br>Прераскажува кус литературен текст, почитувајќи го редоследот на настаните.<br><br>Опишува настан по дадени илустрации | 1<br><br>27.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците добиваат „растурена приказна во слики“<br>Нивна задача е да ги ис… но сликичките<br>После тоа следува разговор околу тоа што има на сликите?<br>Откако ќе одговорат на прашањата добиваат задача Усно да состават приказна според ссликите и да ни ја раскажат<br><br>**Завршна активност**<br><br>Игра „Медо и пчелите“<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |



resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 19.<br>**Која слика недостига / измешана приказна** | Опишува настан по дадени илустрации | 1<br>28.9.2021 | **Воведни активности**<br>Проблем на денот<br>Им читам приказна но без почитување на редоследот на настаните<br>Учениците имаат задача да откријат дали нешто погрешив, ако погрешив каде...<br>Додека им читам ја составувам сликата (погрешно)<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците ја составуваат правилно сликата и откриваат што се наоѓа на истата<br>При составувањето на деловите вербално го објаснуваат тоа што го прават и тоа што го добиваат, го именуваат.<br>Пример: ова е главата на.....итн.<br>Следи опишување на животното и предизви<br><br>**Завршна активност**<br><br>Криенка / еден ученик крие дел од сликата, а другите треба да погодат кој дел недостига<br><br>**Рефлексија** | Молив<br><br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |







resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| 20. **Моите активности во текот на денот** | Опишува ситуации од секојдневниот живот кои соодветствуваат на постапките на ликовите од | 1<br><br>30.9.2021 | **Воведни активности**<br><br>Говор на учениците<br>Јас моето слободно време го користам за....<br>Сите деца се во круг и се предава „Пенкалото што зборува“ при што секој што ќе го добие треба да ја доврши реченицата<br><br>**Главна активност**<br><br>Организирање на активностите<br>Јас вака го организирам моето слободно време...<br>Учениците избираат сликички<br>Ги сечат и лепат во своето блокче<br>Потоа опишуваат ситуации кога, што прават.<br>Зошто го прават тоа и слично<br>Раскажуваат еден свој ден<br><br>**Завршна активност**<br><br>Презентација и вербално објаснување што сработиле<br><br>**Рефлексија** | Молив<br>Работен лист | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

